Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од подносителите ---------------------- од ------- до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 40-та седницата одржана на 06.11.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-436/1 од 22.01.2020 година оформен по пријавата поднесена од подносителите --------------------------------.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12 -436/1 од 22.01.2020 година бидејќи во конкретниот случај од страна на државните органи се преземени сите правни средства кои им биле на располагање согласно Законот за општа управна постапка, со кои биле поведени постапки пред судски инстанци кои по утврдена фактичка состојба донеле соодветни одлуки во насока на отстранување на неправилности во вршење на надлежностите кои согласно со закон им се доверени на државните органи во врска со постапките за именување и разрешување на директори на основни и средни училишта во општина Гостивар.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителите на пријавата да се достави Одлука, со образложение.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-436/1 од 22.01.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителите --------------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневање за намерно и свесно постапување на одговорно лице во Општината --------, Градоначалникот на општината, согласно Пресудата на Управниот суд У-1 бр. 92/2019 од 05.07.2019 година, која не била правосилна и конечна, со тоа што на ден 25.12 и 26.12.2019 година донел решенија со кои ги разрешил од функцијата Директор на неколку училишта во Гостивар лицата: -------------------. Во пријавата се наведува дека тој ги презел споменатите дејствија иако знаел и бил информиран дека Пресудата на Управниот суд не била правосилна и конечна, односно против истата била доставена жалба од Министерството за образование и наука до Вишиот Управен суд, постапката била во тек и на ден 05.12.2019 година било донесено Решение УЖ-2 бр. 511/2019 од 05.12.2019 година на

Вишиот Управен суд со кое Пресудата на Управниот суд со број У-1 бр. 92/2019 од 05.07.2019 година била укината и предметот бил вратен на повторно разгледување и одлучување пред првостепениот суд.

Во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во конкретниот предмет, Државната комисија за спречување на корупцијата со Барање за прибирање податоци и информации со број 12-436/2 од 16.07.2020 година побара од Градоначалникот на Општина ---------- достави целосна информација за тоа дали Градоначалникот на општина Гостивар бил известен за изјавената жалба на Министерството за образование и наука против Пресудата на Управниот суд со број У-1 бр. 92/2019 од 05.07.2019 година и поведената постапка по жалба пред Вишиот Управен суд и било донесено Решение УЖ-2 бр. 511/2019 од 05.12.2019 година и поради кои причини Градоначалникот на општина Гостивар на ден 25.12 и 26.12.2019 година донел решенија со кои ги разрешил од функцијата Директор на неколку училишта во Гостивар лицата: -----------------.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од Градоначалникот на општина Гостивар.

При разгледување на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид предметните наводи и по извршените проверки го утврди следното:

Со Решение на министерот за образование и наука со број 08-2133/1 од 13.02.2019 година на Градоначалникот на општина Гостивар му биле одземени надлежностите во поглед на именување и разрешување на директори во основните и средните училишта за период од 9 месеци, сметано од денот кога било донесено решението. Против ова решение Градоначалникот на општина Гостивар поднел тужба и завел управен спор пред Управниот суд, кој донел Пресуда, со која бил поништен управниот акт - Решението на тужениот орган (Министерството за образование и наука) и предметот бил вратен на повторна постапка пред министерот за образование и наука.

Во временски период кога Министерот за образование и наука ги вршел надлежностите на име и за сметка на Градоначалникот на општина Гостивар, објавил оглас за избор на директори на училишта во Гостивар и по спроведената постапка донел решенија за именување на директори во училиштата во Гостивар, иако истиот знаел дека против гореспоменатото решение била поднесена тужба и бил заведен управен спор пред Управниот суд, која постапка била во тек. Во оваа постапка подоцна била донесена Пресуда, со која било поништено Решението на министерот за образование и наука и предметот бил вратен на повторна постапка, со укажување министерството задолжетелно да спроведе повторена постапка во определен рок однсно да го разгледа претходно донесеното решение и да донесе ново решение, согласно насоките и укажувањата на судот во пресудата.

Тужителот Градоначалникот на општина Гостивар, за конкретниот предмет очекувал тужениот орган (Министерството за образование и наука) во повторна постапка спроведена во определен рок да донесе ново решение, согласно насоките на Пресудата, и при тоа немал сознание ниту бил должен да знае дека тужениот орган изјавил жалба против Пресудата на Упаравниот суд. Во конкретниот случај за тужителот било познато дека за тужениот јавен орган Жалбата не била дозволена против Пресуда со која неговиот поединечен управен акт е поништен и предметот бил вратен на повторно постапување на јавниот орган, согласно член 69 став (4) од Законот за управните спорови. За постапката по жалба тужителот Градоначалникот на општина Гостивар дознал откако го примил Решението од Вишиот управен суд на

ден 27.12.2019 година и откако истекла важност од 9 месеци на Решението бр.08-2133/1 од 13.02.2019 година за одземените надлежности од Министерот за образование и наука.

Во однос на изнесените наводи во пријавата поради кои причини Градоначалникот на општина Гостивар на 25.12 и 26.12.2019 година донел решенија со кои ги разрешил подносителите на пријавата од функцијата Директор на неколку училишта во Гостивар, Градоначалникот на општината се произнесе дека откако на Решението за одземените надлежности од Министерот за образование и наука бр.08-2133/1 од 13.02.2019 година му истекла важноста за период од 9 месеци, Градоначалникот на општина Гостивар постапувајќи согласно своите надлежности утврдени со закон утврдил неправилности во постапките за именување на директори, кои биле сторени од страна на Министерот за образование и наука, во време додека тој ги вршел надлежностите во име и за сметка на Градоначалникот на општина Гостивар, при што донел решенија за огласување за ништовни на донесените решенија за именување на споменатите директори во неколку училишта во Гостивар.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај од страна на државните органи се искористени сите правни средства кои им биле на располагање согласно Законот за општа управна постапка, со кои биле поведени постапки пред судски инстанци кои по утврдена фактичка состојба донеле соодветни одлуки во насока на отстранување на неправилности во вршење на надлежностите кои согласно со закон им се доверени на државните органи во врска со постапките за именување и разрешување на директори на основни и средни училишта во општина Гостивар. Оттаму, ДКСК заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметиот случај и предметот да се затвори и архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П
Одобрил: м-р В.Г.,член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**